# 56. Чајкооj

**Чајкооj** е род од Долно маало во Лешок. Домашна слава им е **Митровден**. За лицата од родот Чајкооj е запишано во книгите од Илија, дека се дел од родот Костадинооj од Долно маало, но, тоа треба лицата од овој род да го истражат подобро. Јас од повеќе лица ( Љупче од Сибинооj, Бошко од Шукооj, Стојко од Костадинооj и др. ) сум слушнал дека потеклото на Сандро Димитриевски – Чајка не припаѓа на родот Костадинооj, туку, дека се посебен род Чајкооj. ( Р. бр. 12, стр. 76 – 79 и Р. бр. 25, стр. 29-32). http://spiroski.com.mk/

Јас, го знам Александар (Сандро) -Чајка, кој беше пољак, а ги знам и неговите пет синови: Јордан, Трпо, Чедо, Ѓорче и Митре и ќерката Трпана.

Јордан Димитриевски, беше милиционер и се пресели во Скопје. Јордан има син Борче и ќерка Даниела. Трпо има син Среќко и ќерка Данче. Ѓорче има син Светозар и ќерка Светлана. Чедо има син Миле и ќерка Дени и Митре, кој е најмал, има син Александар и ќерка Македонка. Чедо беше генерација со брат ми Мирко, Ѓорче е генерација со сестра ми Милица.

Со Трпана Димитриевска учев осмо одделение во Теарце, бидејќи повторуваше. Трпана е преселена во Австралија и незнам за нејзиното семејство. Митре Димитриевски-Чајка е помлад од мене две генерации и заедно учевме во Лешок. Митре е преселен во Детроит, САД, а има син Александар и ќерка Македонка. Види, книга, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 76-79, стр. 81 и 82 и стр. 156 и 157).

**В. Речник,** ( Р. бр.18, стр.50,118-119, 211,223, 270, ), **Генерација, Костадинооj, род, слава, Чајкооj,**

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  | |
| Александар + | Трпана | Митре | |

# 57. Чочолооj

**Чочолооj** е **нов** род во Лешок, домашна слава е **Св. Аранѓел.** Потеклото е од Варвара од родот Чулевци. Куќата им е под Костоо на патот од Бучејца до Млака. Овој род го ословуваме со **Дутооj**, а лицата им дававме прекар Дута.

Јас ги знам Борис Богоја Смилевски – Дута и сестрите Верка и Стојна и мајка им Бора (Богојца), а татко им не го знам, оти е починат.

Борис има син Љупчо Смилевски, кој живее во Лешок. Љупчо со сопругата Ленче од Жилче имаат две ќерки, Ема и Елена.

Верка Смилеска се омажи во Тетово и има три ќерки, близначките Соња и Силвана и Марина. Соња со Горан од Јанчиште има син Оливер и ? , Силвана со Милан од Подбреѓе имаат ќерка Симона и син Борјан и Марина има маж од Леуново и има две ќерки Мери и Стефанија.

Стојна учеше две генерации после мене и не формираше семејство.

Во Лешок има прекар со име Чочола. Имено, Ане Стојановски го ословувавме со Ане Чочола од фамилијата Паунооj, но, Ане не е од овој род, туку, од фамилијата Паунооj од родот Лалошооj.

Види, ( Р. бр. 1 и Р. бр.22, стр. 148-157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 70 и 71 и Р. бр. 12 и 14, стр. 50-54 и стр. 156-158 и Р. бр. 25, стр. 71-77 ). http://spiroski.com.mk/

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр.50, 198, 211, 223,277, ), **генарација,прекари, род, слава, Чочолооj,**